Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 04-451/14
20.11.2025 год.

Врз основа на член 33 од Статутот на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип и член 8-а став 1 од Изборниот законик, а во врска со Одлуката бр.04-451/13 од 11.08.2025 година и Заклучокот бр.08-3716/5 од 12.11.2025 година донесен од Државната изборна комисија, Директорот донесе

**ОДЛУКА**

за продолжување на започнатата постапка по Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на три административни службеници

1. Започнатата постапка за унапредување на три административни службеници во ЈП ХС Злетовица Пробиштип на работните места Раководител на одделение за општи работи (КДР 0102 Б04 064), Раководител на одделение за јавни набавки (КДР 0102 Б04 018) и Раководител на одделение за безбедност и здравје при работа (КДР 0102 Б04 069) по објавен Интерен оглас бр.01/2025, **продолжува.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Оваа одлука да се објави на веб страната на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип.

О б р а з л о ж е н и е

Со Одлуката бр.04-451/13 од 11.08.2025 година, а во врска со Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје бр.09-4408/1 од 09.08.2025 година (Сл.весник на РСМ бр.167/2025), постапката по Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на три административни службеници во ЈП ХС Злетовица Пробиштип, беше ставена во мирување.

Државната изборна комисија донесе Заклучок за завршување на Локалните избори 2025 година бр. 04-580/1 од 07.10.2025 година, со кој заклучно со 12.11.2025 година, локалните избори 2025 година ги прогласи за официјални и конечно завршени.

Согласно горенаведеново, а имајќи го во предвид член 8-а став 1 од Изборниот законик се донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против ова решение, во рок од 8 дена од денот на објавување може да се оиднесе жалба до Агенција за администрација.

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

Пробиштип
20.11.2025

Подготвил: Марија Насевска
Одобрил: Маја Стојчева